**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5446 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Во шестиот десетдневен период, од 22 до 31 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг

согласно Методологијата. Телевизијата емитува кратки и фактографски вести од 3-4 минути поврзани со најактуелните случувања во земјава.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

На 22, 23 и 29 октомври 2016 година, беше емитувано репризното издание на емисијата **„Репортажа за Битола"**. Се зборуваше за градот Битола, за неговите културно-историски споменици, како и за неговиот развој низ времето. Во репортажата се појавува и градоначалникот на Битола, Владимир Талески, кој говори за градот, за браќата Манаки, за конзулите итн.

На 25 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот и 39 минути, се емитуваше емисијата **„Кажи и направи нешто добро за Македонија"** со водителката Марија Бразда. Темата беше: Промоција на вмрежување на ромските организации, загриженост и незадоволство од социјалниот и политичкиот статус. Гости беа: Шенај Османов, Здружение за правата на Ромите-Штип; Рамуш Мумаер Цирко, новинар; Ханријет Исеини „Инсок"-Скопје. Реприза на емисијата имаше на 26 и 27 октомври 2016 година.

*Интервјуа*

На 23 октомври 2016 година, се емитуваше премиерно издание на емисијата **„Интервју"** со водителката Марија Бразда. Гостин беше: Стерија Димов – генерален секретар на Националниот сојуз на слепите лица на Македонија, а поводот за разговорот - јубилејот 70 години постоење. Емисијата се репризираше истиот ден и двапати на 24 октомври 2016 година.

Во премиерното издание на емисијата „Интервју" на 29 октомври 2016 година, гостин беше: Кристијан Тимоние, амбасадорот на Франција во Македонија. Интервјуто имаше повеќе репризни изданија, истиот ден две, а наредниот ден три.

Во премиерното издание на 30 октомври 2016 година, гостин беше Елена Јованова Грујовска, директорка на Институтот за македонски јазик. Се зборуваше за работата на Институтот, за употребата на јазикот во медиумите и др. Емисијата се репризираше истиот ден и двапати на 31 октомври 2016 година.

***Сектор за програмски работи***